# ПРОГРАМА

## ЗА ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА

## НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА СОПИШТЕ 2019

Изработил:
Одделение за комунални работи
Раководител Проф.Трајче Андреевски
Помлад соработник М-р Светлана Матеска-Трпеска

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 20 од статутот на Општина Сопиште (Службен гласник на Општина Сопиште бр.2/97) и Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ), Законот за животна средина и Законот за јавно здравје, Советот на Општина Сопиште на седницата одржана на ____.____.2018 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А
## за дезинсекција и дератизација на територија на Општина Сопиште за 2019 година

## 1. СТРАТЕШКИ ДЕЛ

Програмата на Општина Сопиште за дезинсекција и дератизација е насочена кон спречување и уништување на организми кои пренесуваат заразни болести, причинители за алергиски реакции и токсично делување кои се штетни по здравјето на човекот и неговата околина.

Со програмата се уредуваат условите, обемот, динамиката и начинот на преземање на мерки и заштита на населението од заразни болести и финансиски средства за вршење на работите.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата е заштита на населението од заразни болести на територија на Општина Сопиште, да организира и следи општи мерки за заштита од заразни болести преку дезинсекција и дератизација.

**Дезинсекција** е склоп на превентивни мерки кои се применуваат со цел да се намали популацијата на штетни инсекти кои се потенцијални преносители на заразни болести. За спречување на штетните инсекти се користи широка палета на инсектициди.

**Дератизација** е склоп на методи и средства насочени кон уништување на ситни глодари кои се преносители на заразни болести и предизвикувачи на значајни економски штети.Дератизација се спроведува во населените места, здравствени и образовни институции, продажни и угостителски објекти, месни заедници и итн.

## 3. ОПШТИ МЕРКИ

Општи мерки кои треба да се преземат за заштита на населението од глувците и стаорците се :

- извршување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јавни површини на територија на Општина Сопиште
- подигнување на свеста на населението и постојана едукација за нивната улога во борбата против глодарите
- систематска дератизација (пролетна и есенска) на канализациониот систем
- спроведување на дератизација
- информирање на граѓаните преку медиумите за почеток на акцијата

## 4. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од штетници на територија на Општина Сопиште:

- Подигнување на свеста на населението преку постојана едукација за нивната улога во борбата против глувците и стаорците
- Дезинсекција со прскање
- Дератизација на канализација
- Откривање на извори на зараза

## 5. АКТИВНОСТИ И ДИНАМИКА

Активностите и динамиката за реализација на целите во оваа Програма ќе се одвива на следниов начин:

1. **<u>Дезинсекција на прскање- авионско ќе се спроведе по потреба два пати во текот на годината</u>**

- Авионското прскање ќе се спроведе заеднички со градот Скопје, каде и ние ќе учествуваме со средства за површина од 2000 хектари односно по населените места на територија на општина Сопиште.

2. **<u>Дератизација на канализација</u>**

- На територијата на Општина Сопиште во населеното место Сопиште има фекална канализација од околу 6000 метри и преку 200 шахти каде треба да се врши дератизација
- Дератизацијата да се врши два пати во текот на годината и по потреба.

Динамиката на извршување на предвидените работи ќе се извршува во зависност од приливот на средства по дадените приоритети.

## 6. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Во Програмата за дезинсекција и дератизација на територија на Општина Сопиште предвидени средства се 50.000,оо денари.

## 7. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над спроведување на Програмата врши надлежниот општински орган – одделението за комунални работи.

За спроведените активности на терен изведувачот е должен да доставува месечни извештаи за работата, а на крајот на годината ќе доставува извештај до Градоначалникот и Советот на Општина Сопиште. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник“ на Општина Сопиште.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА СОПИШТЕ**

____________________

Јане Мицевски